**ИЗВЕШТАЈ**
**од јавна расправа по Нацрт на Закон за прогласување на Кањон Матка за Споменик на природата**

Во согласност со член 95 став (2) од Законот за заштита на природата („Сл. весник на РМ“ бр. 67/04,14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16,113/18) и („Сл. весник на РСМ‘ бр. 151/21), Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) во соработка со Град Скопје на 17.10.2022 година во х. Холидеј Ин во Скопје одржа Јавна расправа по Нацрт на Законот за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата.

На јавната расправа учествуваа 37 учесници од различни државни органи, научни и стручни институции, невладини организации, здруженија на граѓани, и други физички лица.

Организатор на јавната расправа беше МЖСПП во соработка со Град Скопје. Јавната расправа ја отвори и водеше модератор, Г-дин Марјан Михајловски, експерт за животна средина. Тој даде краток увод за природните вредности на Кањон Матка, целта на јавната расправа и го претстави дневниот ред на истата. Модераторот наведе дека учесниците во јавната расправа, согласно Законот за заштита на природата, во рок од десет работни денови по одржување на јавната расправа по писмен и електронски пат можат да доставaт свои забелешки по однос на Нацрт на Законот за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата до МЖСПП.

Следуваше обраќање на Г-дин Naser Nuredini, министер за животна средина и просторно планирање (во натамошниот текст-министерот). Тој го истакна значењето од прогласувањето на заштитени подрачја, задржувајќи се на прогресот што е направен од страна на МЖСПП во последните години во однос на прогласување на заштитени подрачја. Министерот потенцираше дека системот на заштитени подрачја моментално вклучува 81 подрачја, кои зафаќаат површина од околу 13.9% од територија на Република Северна Македонија. Со тоа е надминат предвидениот% на заштитени подрачја од 11,5% од територијата на нашата држава, што бил утврден во Секторската студија за заштита на природното наследство, која е изготвена за потребите на Просторниот План на државата (2004). Во однос на Кањон Матка министерот истакна дека богатството со природни и културни вредности го вбројуваат Кањонот Матка во еден од најрепрезентативните објекти на природата во Република Северна Македонија и истиот се карактеризира со исклучително

природно наследство, особено со значајни живеалишта и видови од национално и ЕУ значење. На крај од своето обраќање министерот повика на заедничка соработка и дискусии по однос Нацрт на Закон за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата, со цел ре-прогласување, заштита, соодветно управување и одржливост на заштитеното подрачје.

Васил Атанасовски, конзерватор советник (експерт за заштита на животната средина) и претставник на експертскиот тим за ревизија на Студијата за ревалоризација на природните вредности на заштитеното подрачје споменик на природа „Кањон Матка“ (2020) одржа презентација за природните вредности на Кањон Матка со осврт на геодиверзитеторт и биодиверзитетот. Во излагањето Анастасовски ги цитираше досегашните изготвени студии за природните вредности на Кањон Матка и посебно се задржа на вредностите на геодиверзитетот, пред сè богатството на Кањон Матка со пештери и пештерски украси. Во однос на биодиверзитетот тој наведе дека Кањон Матка претставува рефугиум, односно засолниште за голем број на ендемични и реликтни видови, кои токму во кањонот опстанале до денес, преживувајќи го ладниот односно глацијалниот период во еволуцијата на земјата.

Потоа следуваше обраќање на Проф. д-р Ивица Милевски од Природно Математички факултет, Институт за географија, кој како дел од експертскиот тим за ревизија на горенаведената студија одржа презентација за изготвеното предлог зонирање на Кањон Матка.

Претставници од МЖСПП, Сектор за природа и Сектор за општи и правни работи ги презентираа одредбите од Законот за заштита на природата, кои се однесуваат на заштитени подрачја, како и категоризацијата на заштитени подрачја согласно Меѓународната унија за заштита на природата (ИУЦН). Во понатамошниот дел од презентацијата беше посочена хронологијата за досегашните активности на МЖСПП во постапката за прогласување на Кањон Матка за заштитено подрачје; беше презентирана содржината на Нацрт на Закон за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата и идните активности по прогласувањето на заштитено подрачје Кањон Матка. Идниот управувач со споменик на природа Кањон Матка, односно Град Скопје во соработка со Општина Сарај согласно Законот за заштита на природата има обврска да изготви Годишна програма за заштита на природата и План за управување со заштитеното подрачје, во кој ќе се дефинираат дозволените и забранетите активности по зони. Донесувањето на Планот за управување е транспарентен процес кој вклучува учество на јавноста преку организирање на посебна јавна расправа.

Во рамки на дискусијата напрво се обрати претставник од локалното население во Општина Сарај, кој ја поддржа постапката за прогласување на заштитено подрачје Кањон Матка, но побара да се почитуваат правата на локалното население во однос на приватните имоти и во управувањето со споменик на природа Кањон Матка да се вклучи и Македонската православна црква, бидејќи на подрачјето на ова заштитено подрачје има повеќе манастири и цркви. Министерот истакна дека во Планот за управување ќе се разгледуваат прашањата за управување и ќе бидат разработени дозволените и забранетите активности по зони и во таа насока ја истакна потребата од вклучување на локалното население при подготовка на планот за управување и добра соработка на Град Скопје, Општина Сарај и МЖСПП. Во однос на одземеното земјиште од локалното население на подрачјето на Кањон Матка во поранешна

Југославија, министерот истакна дека ова прашање ќе го достави на разгледување до Влада.

Пејо Кировски, инспектор за животна средина и природа постави прашање дали Ивање и Ивањски Осој влегуваат во споменик на природа Кањон Матка и кој ќе управува со овие подрачја. Од страна на претставник од МЖСПП е укажано дека целокупното подрачје на споменикот на природата Кањон Матка, кој според Законот за заштита на природата и ИУЦН претставува III категорија на заштитено подрачје се наоѓа во повеќенаменско подрачје Јасен, кој пак според истиот закон претставува VI категорија на заштитено подрачје. Оттука со Нацрт на Закон за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата се воспоставува ново заштитено подрачје од повисока категорија на заштита, имајќи предвид дека Кањон Матка е препознаен во национални и меѓународни рамки како многу значајно подрачје за биолошка разновидност со присуство на живеалишта и видови од национално и ЕУ значење, но и мноштво на елементи на геодиверзитетот. Воедно беше објаснето дека локалитетот Ивање кој во моментот е ловиште, со донесувањето на Закон за прогласување на споменик на природата Кањон Матка истиот влегува во зона за активно управување на заштитеното подрачје и ќе биде пренаменет во репроцентар на диви животни, со цел обезбедување на повисока заштита на дивите видови.

Претставникот од Екосвест ја пофали и поддржа постапката за хармонизација на зонирањето на споменик на природата Кањон Матка со заштитен предел Водно и постави прашање дали има потреба од воспоставување на заштитен појас на споменик на природата Кањон Матка. Од страна на експертот Милевски е наведено дека надворешниот заштитен појас е воспоставен со цел да се амортизираат влијанијата врз природното наследство што доаѓаат надвор од границите на заштитеното подрачје. Претставникот на Екосвест побара да се избрише трофејниот лов од Нацрт на Закон за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата и да се усогласи управувањето со локалитетите Ивање и Ивањски Осој во член 10 став 2 од нацрт-законот.

Од страна на претставник од Агенција на катастар на недвижности е предложено во Нацрт на Закон за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата да се стави член, кој ќе упатува дека катастарските парцели во спомеников на природата Кањон Матка ќе се прибележуваат како јавна книга.

Преставник од локалното население постави прашање дали Урбанистичкиот план за Матка влегува во граници на заштитеното подрачје и дали ќе може да се градат објекти за домување. Од страна на експертот Анастасовски е посочено дека Урбанистичкиот план за Матка не влегува во заштитеното подрачје.

Министерот ја истакна потребата од интензивна и континуирана соработка со Град Скопје и Општина Сарај за прашањата кои го тангираат локалното население.

Од страна на претставник од планерска фирма е поставено прашањето во кои зони на заштитеното подрачје Кањон Матка ќе може да се гради. Преставник од МЖСПП

истакна дека тоа е дозволено во зоната за одржливо користење согласно Законот за заштита на природата и овие урбанистички планови треба да бидат усогласени со Планот за управување на споменикот на природата Кањон Матка. Потребно е да се почека донесувањето на Законот за прогласување на Кањон Матка за споменик на природа и Планот за управување со ова заштитено подрачје.

Од претставникот на УНЕП немаше коментари за нацрт-законот и истакна дека во управувањето со споменик на природата Кањон Матка треба да бидат вклучени покрај Град Скопје, Општина Сарај и општините Сопиште и Желино, повеќенаменско подрачје Јасен и Министерство за одбрана.

Директорот на Управата за животна средина при МЖСПП истакна дека како што ќе се донесе Законот за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата, исто така на транспарентен начин ќе се донесе и Планот за управување за кој ќе се одржи посебна јавна расправа со вклучување на сите засегнати страни, особено локалното население. Воедно тој истакна дека е потребно што побрзо да се донесе Планот за управување.

Од страна на претставник од МЖСПП е истакнато дека споменикот на природа Кањон Матка поради своите природни вредности е идентификуван како потенцијално Натура 2000 подрачје. Тој ја посочи користа од воспоставувањето на заштитено подрачје во однос на локалниот развој и секако воспоставувањето на Натура 2000 подрачје, кое може да отвори нови зелени работни места, заживување на локалната економија на подрачјето и развој на екотуризмот за што постојат повеќе примери и добри практики во земјите на ЕУ.